WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
**ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје**

Април 2019

**ДО: Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ НА АДВОКАТИ**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот пречистен текст на Услови за осигурување од одговорност на адвокати е врз основа на измените и дополнувањата со цел законско доусогласување на текстот на истите.
Измените и дополнувањата на Условите за осигурување од одговорност на адвокати се донесени со одлука на Управниот одбор на ВИНЕР Виена Иншуренс Груп АД Скопје број 5276/0202/1/19 од 15.04.2019 година како што следи:

Во Условите за осигурување од одговорност на адвокати, донесени во Мај 2014 година,
Во член 7 став 1) точката f) се менува и гласи:
„ заради одговорноста на осигуреникот за намерно причинета штета и штети како последица на груба небрежност и пропуст.„
Во член 7 став 1) се додава нова точката x) која гласи:
„ Чисто финансиска штета - штета која се состои непосредно во пари, а не е во никаква врска со штета на предмети, ниту со штета на лица, освен ако поинаку не е договорено и тоа е назначено во полисата."

Во сите услови за осигурување од одговорност на крајот од текстот на секоја страна од истите, се менува адресата на Друштвото која гласи:
„Бул. Борис Трајковски број 62„„.

Сите останати членови во условите за осигурување од одговорност, остануваат непроменети и во сила.

Пречистен текст на Услови за осигурување од одговорност е објавен на web страната на Друштвото на 18.04.2019 година, од кога почнува и нивната примена. Со почетокот на примената на изменетите и дополнети услови за осигурување престануваат да важат сите предходни услови за осигурување од одговорност на адвокати.

Со почит,

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР- Виена Иншуренс Груп Скопје**

КОНТАКТ ЦЕНТАР 15 999
Винер Осигурување
Вистински избор за Вас
Бул. „Борис Трајковски" 62 | 1000 Скопје
Република Македонија
Тел:+389 (0)2 32 31 631 | Факс: +389 (0)2 32 31 632
winner@winner.mk | www.winner.mk
ЕМБС: 5702470
Бр. на лиценца: 24809/2